Бр. 08-772/4
18.05.2023
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-772/3 од 17.05.2023 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 58 -та седница одржана на 12.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на ментор на докторски студии**

1. Д-р Сашо Дохчев, редовен професор на студиските програми Клиничка медицина и Базична медицина, на Медицински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, се акредитира за ментор на докторски студии на студиските програми Клиничка медицина и Базична медицина, од трет циклус бр. на акредитација 08-487/6 од 20.08.2021 и 08-489/6 од 20.08.2021 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесеното барање 0905-1566/2 од 10.04.2023 година (наш бр.08 - 772/1 од 11.04.2023 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиски програми Клиничка медицина и Базична медицина, на Медицински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, за проф. д-р Сашо Дохчев.

Одборот за акредитација на високото образование, на 57 - та седницата одржана на 27.04.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 772/3 од 17.05.2023 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 58 - та седница одржана на 12.05.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова